# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА БОШЊАЦИТЕ

IV ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

Сиг. ____________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: | 20.07.2008 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3668 | 1 | — |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот јазик и култура на Бошњаците за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# 1. ВОВЕД

Предметот *јазик и култура на Бошњаците* на босански јазик ја дава основата за развивање на писменоста кај учениците на својот мајчин јазик. Содржините и целите по овој предмет се реализираат со поврзување на наставните подрачја за говорење, читање и пишување, усвојување содржини за граматиката на босанскиот јазик и изразување и творење. Исто така, како што е назначено во насловот на предметот, се систематизирани содржини за културата на Бошњаците.

Учениците преку оваа настава ќе се запознаат со карактеристиките на босанскиот јазик и на сите нивоа ќе ги усвојуваат и ќе ги применуваат стндардно - јазичните норми (фонетско - фонолошка, морфолошка, синтаксичка, лексичка, правописна и ортоепска). Во текокт на изучувањето на предметот, учениците ќе се запознаат и со уметничко -литературниот и разговорниот јазик кои ќе станат својствени на говорот на ученикот.

Јазикот и културата на Бошњаците на босански јазик го потврдува културниот и јазичен идентитет на учениците и е основно средство за вербална комуникација на совј мајчин јазик. Поврзување на стандардно-јазичната норма на босанскиот јазик ќе овозможи учениците да ги сфаќаат, доживуваат, објаснуваат и раскажуваат различните видови текстови и содржини, а истовремено поттикнувајќи кај нив јазично и литературно творештво, како и развивање на способностите за самообразование.

Според наставниот план за основното училиште за предметот *јазик и култура на Бошњаците* на босански јазик во III одделение се планира еден час неделно (36 часа годишно), а во наредните одделенија учениците продолжуваат континуирано да го изучуваат овој предмет со по два часа неделно, односно 72 часа годишно до деветтото одделение на задолжителното основно образование и воспитание.

**2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД од IV до VI одделение**

Ученикот / ученичката :

- да се оспособува за усно и писмено изразување и збогатување на речникот;
- да усвојува поими, содржини и правила од граматиката, правоговорот и правописот на босански јазик;
- да се поттикнува да ја запознава функцијата на зборовите и нивната примена во усното, писменото и друг вид на комуникација;
- да се оспособува да анализира литературни творби применувајќи ги основните поставки: мотив, тема ; строфа, стих; рима; лик; дејство;
- да се оспособува за писмено изразување преку (текстови за практична намена, креативни текстови …) опишување, раскажување и сл.;